РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-708/5
17-08-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 37-мата седница одржана на 29.07.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-3041/1 од 21.11.2025 година, оформен по доставена пријава против службени лица од ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај се води постапка пред други надлежни органи – Основното јавно обвинителство /// и Министерството за внатрешни работи.

Предметот со број 12-3041/1 од 21.11.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 21.11.2025 година поднесена е пријава против службени лица од /// и оформен е предмет број 12-3041/1 од 21.11.2025 година. Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за злоупотреба од страна на директорот на /// и од страна на службени лица вработени во ///, во постапки за јавна набавка со број /// од /// година, број /// од /// година и број /// од /// година – за набавка и дистрибуција на ///. Воедно, во пријавата се опишани повеќе околности на кои подносителот на пријавата го основа сомневањето, а содржани се и наводи за стекната материјална корист од наводно сторената злоупотреба.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за доставување податоци и информации до Управата за финансиска полиција, до Министерството за внатрешни работи и до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
По пријава во која се содржани наводи кои се истоветни со наводите од пријавата доставена до ДКСК оформен е предмет во Основното јавно обвинителство ///. Во насока на утврдување на фактичката состојба, по наредба на Основното јавно обвинителство ///, преземени се дејствија и од страна на Министерството за внатрешни работи.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, од причина што за предметниот случај се води постапка пред други надлежни органи – Основното јавно обвинителство /// и Министерството за внатрешни работи.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК